на општина Новаци

Славица Стојковска Најдовска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за пренамена на средства во
Буџетот на општина Новаци за 2021 година

1. Објавувам Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Новаци за 2021 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-961/15
17.11.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14 932/18
16.11.2021
Новаци

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15),Советот на општина Новаци,на ден 16.11.2021 ја донесе следнава:

О Д Л У К А

За пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци во делот на Дотации за 2021 година и тоа на следниот начин:

Потпрограма **Потставка**	**Буџет**	**Донации**	**Самоф.**	**Дотации**	**Кредити**

V10 Детски градинки	
401130 Основни плати-други вработени	-201.589,00
401310 Персонален данок на доход од плата	-40.000,00
421110 Електрична енергија	-10.000,00
423310 Униформи	10.000,00
424210 Одржување на згради	60.000,00
424420 Поправки и одржување на софтвер. и хардверска опрема	30.000,00
425230 Осигурување на вработени(несреќи,живот)	10.000,00
425240 Осигурување за повреда и инвалидитет	10.000,00
425990 Други договорни услуги	15.000,00
426210 Расходи за репрезентација	20.000,00
426310 Семинари и коференции	6.589,00
480110 Купување на канцелариска опрема	60.000,00
480140 Купуање на информатичка и видео опрема	30.000,00

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2021 година.

Претседател на Совет
на општина Новаци

Славица Стојковска Најдовска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решение за определување на членови од Советот на Општина Новаци за присуство при склучување на бракови во Општина Новаци

1. Објавувам Решение за определување на членови од Советот на Општина Новаци за присуство при склучување на бракови во Општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/16 ОпштинаНоваци
17.11.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 27 од Законот за семејство (Службен весник нас Република Македонија бр. 80/92), а во врска на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019, Советот на Општина Новаци на седница одржана на ден 16-11-2021 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За определување на членови од Советот на Општина Новаци за присуство при склучување на бракови во Општина Новаци

I.

За присуство при склучување на бракови подрачјето на Општина Новаци се определуваат членовите на Советот:

1.Славица Најдовска-Стојковска- ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија

2.Горан Велјановски- ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија

3.Николче Димовски- ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија

4.Пецо Дојчиновски- ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија

5.Александар Канзуровски- ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија

6.Љупчо Петровски-Коалиција Најдоброто за Мојата Општина

7.Наумче Смилевски- Коалиција Најдоброто за Мојата Општина

8.Сузана Јовановска- Коалиција Најдоброто за Мојата Општина

9.Иванчо Котевски-Движење Одлучно за Промени

Членовите на Советот наизменично ќе присуствуваат при склучување на бракови во Месната канцеларија во Новаци.

II.

Склучувањрето на браковите во Општина Новаци ќе се врши во четврток со почеток во 10,00 часот. .

Склучувањето на бракови може да се врши и во други денови и термини доколку е претходно договорено.

III.

Матичарот од Месната канцеларија е должен благовремено да ја извести општината Новаци за време и место на склучувањето на брачот.

IV.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-932/19 Совет на општина Новаци
16.11.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Дополнување на Програмата за животна средина на општина Новаци за 2021 година

1. Објавувам Дополнување на Програмата за животна средина на општина Новаци за 2021 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/17
17.11.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 18 став 1 точка 2 и член 94, член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.11.2021 година, донесе

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2021 ГОДИНА

Се дополнува Програмата за животна средина на општина Новаци за 2021 година број 14-792/14 од 30.12.2020 година.

I. **СТРАТЕШКА ЦЕЛ**

Програмата на Општина Новаци за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II. **ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Општа цел на Програмата: да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина;прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница.

Специфични цели на Програмата:Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината;Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

III. **ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на заштитата на животната средина во текот на 2021 година ќе бидат насочени кон:

- Контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина на територијата на општината и тоа на: влијание врз квалитет на амбиенталниот воздух од поединечни извори, влијание на отпадните води од поединечни извори врз

површинските води и други водотеци, влијание од бучава во животната средина;

- Информирање за состојбата со квалитетот на воздухот, водите и отпадот на територијата на општината преку систематизирање на добиените податоци од државната и локалната мрежа за мониторинг за 2021 г., како и
- Изработка на еколошка проектна документација за планска документација за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти и тоа: Елаборати за животна средина, Студии за оцена на влијание врз животната средина, Стратешки оценки за влијание на животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документција и во согласност со закон.
- Изработка на стратешки документи за животна средина: изработка на Регистер на загадувачи со збир на податоци за изворот, видот, количината, начинот и местото на испуштање, пренесување и одлагање на загадувачките материи и отпадот во животната средина, како и изработка на Катастар за животната средина на територијата на Општина Новаци како квалитативна евиденција на загадувачите и изворите на загадување кои испуштаат загадувачки материи и супстанции во медиумите на животната средина, во која е вклучена и картата на загадувачи.
- Интервенција во системот за управување со отпад, преку донесување на Годишна Програма за управување со отпад како законска обврска на општината согласно Законот за управување со отпадот, во која ќе бидат планирани активности во врска со имплементација на 3Р – реупотреба, редуцирање, рециклирање, набавка на нови садови за отпад за проширување на опслуженото подрачје, постапување со електронски и електричен отпад, отпадни батерии и акумулатори, санација на диви депонии на територијата на општината, печатење на пропаганден материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните за селектирање на отпадот.

- Спроведување на активности за подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени зелени површини во општината согласно Предлог-Програмата на ЈКП Комунална хигиена за подигнување на нови зелени површини; Набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината: цветен расад и декоративни садници, набавка на саден материјал за пошумување на локации на територијата на општина Новаци.
- Одбележување на денови од ЕКО календарот. Потребно е да се воспостави пракса за обележување на најважните денови од Еко календарот (Ден на Планетата Земја, Ден на заштита на водите, Ден на екологија, Ден за борба против пушењето, Ден на дрвото и слично).

- Подигање на еколошката свест во основните училишта. Потребна е сеопфатна едукација на децата од основните училишта за нивната улога и одговорност во зачувување на животната средина во која живеат и растат. Да им се развие свеста за штетноста на загадената средина, односно предноста од чистата вода за пиење, чистиот воздух што го дишат, здрава почва, соодветното складирање на отпад и слично.
- Користење на мерки за намалување на прашината при градежни активности (прскање, миење на гуми пред излез од градилиште итн.)
- Воведување на субвенции за набавка на инвертер клима уреди за жителите на општина Новаци
- Воведување на субвенции за изградба на термо фасади за жителите на општина Новаци.
- Подготвување на проекти од областа на животната средина (Изградба на атмосферска канализација во с. Далбеговци, Горно и Долно Агларци. Изградба на канал за наводнување во с. Зовиќ)
- Подготвување на проектна документација за уредување на централните подрачја во населените места во општина Новаци
- Субвенции на дел од вредноста при набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди за жителите на општина Новаци
- Субвенции на дел од вредноста за изградна на енергетски ефикасна фасада за жителите на општина Новаци

Приходи за реализација на оваа програма:

- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Буџет на Општина Новаци
- Други извори

Дополнувањето на Програмата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Новаци".

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Правилник за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди

1. Објавувам Правилник за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-961/18
17.11.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 18 став 1 точка 2 и член 94, член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Дополнување на Програмата за животна средина на општина Новаци за 2021 година бр.14-932/20 од 16.11.2021 година,Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.11.2021 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат начинот, постапката и критериумите за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди, заради поголема употреба на електричната енергија како извор на енергија и затоплување на станбениот простор во кој живеат со цел заштита на животната средина и намалување на емисијата на штетни гасови кои се ослободуваат со користење на други извори на загревање.

Член 2

Со право на субвенционирање на трошоците за набавка и монтирање на високоефикасни инвертер клима уреди можат да се стекнат носители на домаќинства кои живеат на територијата на Општина Новаци, кои за затоплување на станбениот простор во кој живеат користат тврди и фосилни горива.
Како носител на домаќинството се смета сопственикот на станбениот простор односно обврзникот на данокот на имот за станбениот простор во кој живее домаќинството или кој на друг начин ќе докаже дека е носител на домаќинството.
Како станбен простор во кој живее домаќинството се смета недвижниот имот во кој носителот на домаќинството има живеалиште.
Носителот на домаќинството го докажува правото на сопственост на станбениот простор во кој живее домаќинството со имотен лист, правен основ, решение за данок на имот или друг соодветен доказ, а живеалиштето го докажува со важечка лична карта и патна исправа.
Две или повеќе домаќинства кои живеат во посебни делови од еден ист станбен објект, кои не се физички поделени, а претставуваат функционални целини, се сметаат за посебни домаќинства доколку имаат засебни струјомери и водомери или доколку тоа го потврдат со изјава заверена на нотар.
Доколку две или повеќе домаќинства живеат во различни станбени единици на еден ист сопственик, тоа го докажуваат со изјава заверена на нотар.

Член 3

Распределбата на средствата за субвенционирање ќе се врши врз основа на јавен повик, кој ќе биде објавен од страна на Општина Новаци на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Новаци и на социјалната мрежа т.е фан страната на градоначалникот на општина Новаци.

Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде најмалку пет работни дена.
Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во јавниот повик.
Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација, според редоследот на аплицирање.

Член 4

За спроведување на постапката по јавниот повик, градоначалникот на Општина Новаци формира комисија составена од пет членови, од кои три членови од вработените во општинската администрација и два членови од членовите на Советот на Општина Новаци.
По прибирањето и проверката на документите, комисијата од ставот 1 на овој член изготвува листа на прифатливи барателиза субвенционирање.
Градоначалникот на Општина Новаци, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за субенционирање на прифатливиот број на барателиј, по што конечната листа со добитници на субвенции се објавува на интернет страницата на Општина Новаци.
Добитниците на субвенции кај кои нема да се затекне монтирана климата за која добиле субвенции, ќе го изгубат правото на субвенционирање и ќе бидат должни да го вратат на Општина Новаци износот на искористената субвенција.

Член 5

Едно домаќинство може да добие и да искористи субвенција во максимален бруто износ од 20.000 денари, во кој износ влегуваат трошоците за набавка и монтажа и данокот на личен доход.
Максималниот број на домаќинства кои можат да добијат и да користат субвенција изнесува 50 домаќинства.
Во зависност од искористувањето на субвенциите, доколку има преостанати расположливи средства, градоначалникот може да донесе дополнително решение за субвенционирање на одреден дополнителен број од наредно рангираните барателиод листата .
Средствата за субвенциите се планирани од Буџетот на Општина Новаци за 2021 година – Програма за животна средина за 2021 година, во вкупен износ од 1.000.000.000 денари.

Член 6

Субвенцијата може да се искористи за купување и монтажа на еден или повеќе високоефикасни инвертер клима уреди од трговски друштва и трговци поединци кои се регистрирани и вршат трговија, одржување и поправка на клима уреди.
За високоефикасни инвертер клима уреди се сметаат инвертер клима уреди со работна температура за греење од минимум -15 целзиусови степени, со енергетска класа на ладење минумум А и енергетска класа на греење минимум А и со коефициент на ефикасност SEER миниум 5.10 и SCOP минимум 3.5.

Член 7

Начинот на користење на субвенцијата е со рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на високоефикасен инвертер клима уред на трансакциската сметка на добитникот на субвенцијата.
Доколку барателот на субвенцијата бара рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на уредот, до Општина Новаци треба да достави барање кон кое треба да

приложи фискална сметка или фактура со извод од банка за извршеното плаќање и копија од трансакциската сметка на која бара да биде извршено рефундирањето на средствата.

Член 8

Пред исплатата на средствата корисникот на субвенцијата задолжително треба да достави до Општина Новаци изјава заверена на нотар дадена под материјална и кривична одговорност дека се обврзува субвенционираната клима да ја инсталира во местото на живеење кое се наоѓа во општина Новаци, и дека во наредните три години по денот на монтажата на клима уредот нема да го демонтира истиот и нема да користи дрва, јаглен, фосилни или какви било други видови на нееколошки горива за затполување на станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, како и дека е согласен во тој период од три години да се вршат контроли од страна на Општина Новаци во станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, а во спротивно дека е согласен да го врати на Општина Новаци износот на искористената субвенција.Доколку корисникот на субвенцијата не ја достави изјавата од ставот 1 на овој член, истиот ќе го изгуби правото на субвенција и Општина Новаци нема да има обврска за исплата на средствата.

Член 9

Надзор над преземените обврски со изјавата од член 7 став 2 од оваа одлука ќе вршат овластените општински комунални инспектори од Општина Новаци.

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци“.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2022 година, божиќните празници и богојавление-водици

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2022 година, божиќните празници и богојавление-водици, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/19 ОпштинаНоваци
17.11.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.11.2021 година, донесе

ОДЛУКА

за одобрување на средства за одбележување на
Новата 2022 година, божиќните празници и богојавление-водици

Член 1

СЕ ОДОБРУВАТ средства за одбележување на Новата 2022 година божиќните празници и богојавление-водици:

Новогодишна елка со украси,

Новогодишно украсување на општинскиот двор и центрите во населените места во општината

Календари, Стила и чакмаци,

Роковници, Новогодишни честитки

Новогодишни пакетчиња за децата до 15 години на вработените во општина Новаци и членовите на Советот

Новогодишни пакетчиња за учениците во ОУ „Славко Лумбарковски„ Новаци со подрачните училишта

Новогодишни пакетчиња за деца до 15 години од социјално загрозени фамилии

Новогодишни пакетчиња за деца од игротека Бамби-општина Новаци

Лицата што ќе го фатат крстот за водици ќе добијат парична награда во износ од 6.000,00 денари(нето износ) за сите села.

изработка-печатење на рекламен матерјал

други печатарски услуги и друг рекламен матерјал.

Член 2

Дел од средствата предвидени за Новогодишно украсување на општинскиот двор и центрите во населените места во општината, ќе се искористат за пакети со прехранбени производи за социјално загрозени фамилии.

Член 3

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци

Член 4

Набавката ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки на Општина Новаци.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-932/22 Совет на општина Новаци
16.11.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на План на Програми за Развој

1. Објавувам Одлука за одобрување на План на Програми за Развој, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-961/20
17.11.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.11.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на План на Програми за Развој

Член 1

СЕ ОДОБРУВА План на Програми за Развој бр.08-913/6 од 11.11.2021 година.

Составен дел на Одлуката е План на Програми за Развој бр.08-913/6 од 11.11.2021 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во (,,Службен гласник на Општина Новаци,,).

Бр.14-932/23
16.11.2021 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на прехранбени производи
на Месна Заедница с.Живојно за семејството на Рита Ристевска

1. Објавувам Одлука за одобрување на прехранбени производи на Месна Заедница с.Живојно за семејството на Рита Ристевска, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/21
17.11.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.09.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на прехранбени производи на Месна Заедница с.Живојно
за семејството на Рита Ристевска

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ прехранбени производи на Месна Заедница с.Живојно за семејството на Рита Ристевска(14.000,00 денари).

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-932/24
16.11.2021 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на прехранбени производи на Здружение на жени ,,Силата на бабата,,-општина Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување на прехранбени производи на Здружение на жени ,,Силата на бабата,,-општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-961/22
17.11.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.11.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на прехранбени производи на Здружение на жени
,,Силата на бабата,,-општина Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ прехранбени производи (**до 10.000,00 денари**) на Здружение на жени ,,Силата на бабата,,-општина Новаци, за учество во емисијата ,,Везилка,, на Адријана Алачки.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во (,,Службен гласник на Општина Новаци,,).

Бр.14-932/25
16.11.2021 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на гориво на стручно лице-Александар Ангелевски за патување до Свети Николе за проект Флоријан

1. Објавувам Одлука за одобрување на гориво на стручно лице-Александар Ангелевски за патување до Свети Николе за проект Флоријан , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-961/23
17.11.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.11.2021 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на гориво на стручно лице-Александар Ангелевски за патување до Свети Николе за проект Флоријан

Член 1

СЕ ОДОБРУВА гориво(**5.000,00 денари**) на стручно лице-Александар Ангелевски за патување до Свети Николе за проект Флоријан

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во (,,Службен гласник на Општина Новаци,,).

Бр.14-932/26
16.11.2021 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање согласност за давање на спортската сала под кирија и овластување на градоначалникот да изработи правилник и ценовник за користење на салата

1. Објавувам Одлука за давање согласност за давање на спортската сала под кирија и овластување на градоначалникот да изработи правилник и ценовник за користење на салата, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 16.11.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/24 ОпштинаНоваци
17.11.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 16.11.2021 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност за давање на спортската сала под кирија и овластување на градоначалникот да изработи правилник и ценовник за користење на салата

Член 1

СЕ ДАВА Согласност за давање на спортската сала под кирија и овластување на градоначалникот да изработи правилник и ценовник закористење на салата.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-932/27 Совет на општина Новаци
16.11.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
2.Заклучок за објавување Решение за формирање на Комисија за општествени дејности
3.Заклучок за објавување Решение за формирање на Комисија за Статут и прописи
4.Заклучок за објавување Решение за избор на членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите
5.Заклучок за објавување Решение за формирање на Комисијата за месна самоуправа
6.Заклучок за објавување Решение за именување на преставник од Советот на општина Новаци за член на Комитетот на Советите во ЗЕЛС
7.Заклучок за објавување Решение за разреување на претставник од општина Новаци во Училишниот одбор на ОУ,,Славко Лумбарковски ,,Новаци
8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на Годишен Извештај за следење на реализацијата на договорот за ЈПП за 2020 година
9.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација
10.Заклучок за објавување Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2021 година- НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА
11.Заклучок за објавување Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2021 година- НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА
12.Заклучок за објавување Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2021/2022 година
13.Заклучок за објавување Одлука за одобрување склучување на Договор на општина Новаци со Јавното Претпријатие за комунални дејности ,,Комунална Хигиена,, Новаци, за зимско одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2021/2022 година
14.Заклучок за објавување Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Новаци за 2021 година.
15.Заклучок за објавување Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Новаци за 2021 година.
16.Заклучок за објавување Решение за определување на членови од Советот на Општина Новаци за присуство при склучување на бракови во Општина Новаци
17.Заклучок за објавување Дополнување на Програмата за животна средина на општина Новаци за 2021 година
18.Заклучок за објавување Правилник за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди
19.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2022 година, божиќните празници и богојавление-водици.
20.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на План на Програми за Развој
21. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на прехранбени производи на Месна Заедница с.Живојно за семејството на Рита Ристевска
22.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на прехранбени производи на Здружение на жени ,,Силата на бабата,,-општина Новаци
23.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на гориво на стручно лице-Александар Ангелевски за патување до Свети Николе за проект Флоријан
24.Заклучок за објавување Одлука за давање согласност за давање на спортската сала под кирија и овластување на градоначалникот да изработи правилник и ценовник за користење на салата

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци